Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за усвојување на
Кварталниот извештај за извршување на
Буџетот на Општината Битола за третиот квартал 2007 година

1. Ја објавувам Одлуката за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за третиот квартал 2007 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 31.10.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2989/1<br>05.11.2007 год.<br>Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општината Битола,<br>Владимир Талески

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04 и 96/04) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.10.2007 година, донесе

# О Д Л У К А

## за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за третиот квартал 2007 година

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за третиот квартал 2007 година

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-2868/3
31.10.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола,
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за отпочнување на постапка
за доделување концесија на дел од „Реонскиот градски пазар“
во Битола на ул. „Васко Карангелевски“

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување на постапка за доделување концесија на дел од „Реонскиот градски пазар“ во Битола на ул. „Васко Карангелевски“, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 31.10.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2989/2
05.11.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 6 став 2 од Законот за концесии („Сл. Весник на РМ” бр. 25/02, 24/03) и член 36 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ” бр. 05/02), и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. Гласник на Општината Битола” бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.10.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за отпочнување на постапка за доделување концесија на
дел од „Реонскиот градски пазар” во Битола
на ул. „Васко Карангелевски”

Член 1

Се одобрува отпочнување на постапка за доделување концесија на дел од „Реонскиот градски пазар” во Битола на ул. „Васко Карангелевски” и тоа на: „Маст пазар” со 214,8о м2, јавен санитарен чвор од 34,75 м2, деловен простор-управа со 85,70 м2 сите на приземјето во Ламела 1, како и паркиралиште и пристапни патишта-8.173 м2, плато за отворен пазар 1.023 м2 и плато за покриен пазар 593 м2.

Член 2

Постапката за доделување на концесија да се организира со ограничен повик за домашни правни субјекти и истата да се спроведи во рок од 90 дена.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-2868/4 | ПРЕТСЕДАТЕЛ
31.10.2007 г. | на Советот на Општината Битола
Б и т о л а | Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за формирање<br>
на Комисија за спроведување на постапка<br>
за доделување на концесија на дел од „Реонскиот градски пазар“<br>
во Битола на ул. „Васко Карангелевски“

1. Го објавувам Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на дел од „Реонскиот градски пазар“ во Битола на ул. „Васко Карангелевски“, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 31.10.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2989/3<br>
05.11.2007 год.<br>
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>
на Општината Битола,<br>
Владимир Талески

Врз основа на член  15 од Законот за концесии („Сл. Весник на РМ” бр. 25/02, 24/03) и член 36 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ” бр. 05/02), и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. Гласник на Општината Битола” бр. 10/04), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.10.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за формирање Комисија за спроведување на постапка
за доделување на концесија на дел од
„Реонскиот градски пазар” во Битола
на ул. „Васко Карангелевски”

Член 1

Се формира Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на дел од „Реонскиот градски пазар” во Битола на ул. „Васко Карангелевски” и тоа на: „Маст пазар” со 214,8о м2, јавен санитарен чвор од 34,75 м2, деловен простор-управа со 85,70 м2 сите на приземјето во Ламела 1, како и паркиралиште и пристапни патишта-8.173 м2, плато за отворен пазар 1.023 м2 и плато за покриен пазар 593 м2.

Член 2

За членови во Комисијата и нивни заменици се определуваат:
Претседател Слободан Бончановски,
Заменик Ленче Петровска.
Членови:
1.Член Владимир Прчков,
Заменик Димитар Павловски,
2.Член Методија Костов,
Заменик Соња Миленковска.

Член 3

Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-2868/5
31.10.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за објавување јавен повик
за прибирање понуди за давање дозвола за вршење
комунална дејност во депонијата „Мегленци“

1. Ја објавувам Одлуката за објавување јавен повик за прибирање понуди за давање дозвола за вршење комунална дејност во депонијата „Мегленци“, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 31.10.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2989/4 — ГРАДОНАЧАЛНИК
05.11.2007 год. — на Општината Битола,
Б и т о л а — Владимир Талески

Врз основа на член 14 и 25 од Законот за комунални дејности (“Службен весник на Република Македонија “ број 45/97, 5/99, 23/99, 45/02, 16/04), а во врска

со член 70 од Статутот на Општината Битола (“Службен гласник на Општина Битола“ број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.10.2007 година, донесе

О Д Л У К А

за објавување јавен повик за прибирање понуди за давање дозвола за вршење комунална дејност во депонијата “Мегленци“

Член 1

Со оваа Одлука се објавува јавен повик за прибирање понуди за давање дозвола за вршење комунална дејност во депонијата “Мегленци“.

Член 2

Јавниот повик ќе го објави Комисија формирана од Советот на Општината Битола во состав:

Претседател Слободан Бончановски,
Заменик Ленче Петровска.
Членови:
1.Член Владимир Прчков,
Заменик Димитар Павловски,
2.Член Методија Костов,
Заменик Соња Миленковска.

Член 3

По завршувањето на јавниот повик Комисијата до Советот на Општината Битола ќе го предложи најповолниот понудувач за вршење на оваа дејност.

Понудувачот, односно вршителот на комуналната дејност во депонијата „Мегленци“ нема да врши никаква наплата за депонирање на комуналниот отпад од ЈП „Комуналец“ Битола во оваа депонија, додека му трае дозволата за вршење на комуналната дејност. Исто така нема да се меша во дејноста на ЈП „Комуналец“ Битола, односно во собирањето, селектирањето, транспортирањето и депонирањето на комуналниот отпад од граѓаните и индустријата на подрачјето на Општината Битола.

Член 4

Советот на Општината Битола ќе донесе Одлука за давање дозвола за вршење на оваа комунална дејност.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесеувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општината Битола.

Број 07-2868/6
31.10.2007 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за донесување на ДУП за „Станбена заедница 4 и 2 дел Блок 1“ Битола

1. Ја објавувам Одлуката за донесување на ДУП за „Станбена заедница 4 и 2 дел Блок 1“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 31.10.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2989/5
05.11.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 26 став 5 точка 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 51/05) и член 70 од Статутот на Општината Битола ("Службен гласник на Општина Битола" број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.10.2007 година, донесе

# О Д Л У К А

## за донесување на ДУП за „Станбена заедница 4 и 2 дел Блок 1" Битола

### Член 1

Се донесува Одлука за донесување на ДУП за „Станена заедница 4 и 2 дел Блок 1" Битола.

### Член 2

Границите на ДУП за „Станена заедница 4 и 2 дел Блок 1" Битола се: на североисток се граничи со дел од улицата „Игњат Атанасовски", од југоисток се граничи со потпорниот зид на „Веро" односно неговата парцела, на југозапад граница е дел од улицата „Партизанска" и на северозапад со парцелите на изградените колективни згради.

Опфатот на Блокот има површина 1.0 ха.

### Член 3

ДУП за „Станена заедница 4 и 2 дел Блок 1" Битола се сосотои од текстуален и графички дел кои се составен дел на оваа Одлука.

### Член 4

ДУП за „Станена заедница 4 и 2 дел Блок 1" Битола се заверува со потпис и печат од доносителот на Планот.

### Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесеувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општината Битола.

Број 07-2868/7<br>31.10.2007 год.<br>Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Советот на Општина Битола<br>Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за утврдување Нацрт-Планот
на ДУП за „Централно Градско Подрачје 3 дел Урбан Блок 5“ Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување Нацрт-Планот на ДУП за „Централно Градско Подрачје 3 дел Урбан Блок 5“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 31.10.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2989/6
05.11.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/05), член 11 од

Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 78/06) и  член 70 од Статутот на Општината Битола (“Службен гласник на Општина Битола“ број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.10.2007 година, донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување Нацрт-Планот на ДУП за „Централно Градско Подрачје 3 дел-Урбан Блок 5“ Битола

### Член 1

Се утврдува Нацрт-Планот на ДУП за „Централно Градско Подрачје 3 дел Урбан Блок 5“ Битола.

### Член 2

По Нацрт-Планот ќе се организира јавна презентација и јавна анкета.

### Член 3

Со влегувањето во сила на оваа Одлука Терминот „Урбан Модул 5“ од Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Централно Градско Подрачје 3 дел Урбан Модул 5“ Битола бр. 07-939/12 од 04.05.2006 г. се заменува со терминот „Урбан Блок 5“.

### Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесеувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општината Битола.

Број 07-2868/8
31.10.2007 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за утврдување Нацрт-Планот
на ДУП за „Брусничко-Лавчански Регион 4 дел-Урбан Блок 2“ Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување Нацрт-Планот на ДУП за „Брусничко-Лавчански Регион 4 дел Урбан Блок 2“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 31.10.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2989/7<br>05.11.2007 год.<br>Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општината Битола,<br>Владимир Талески

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/05), член 11 од

Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 78/06) и  член 70 од Статутот на Општината Битола (“Службен гласник на Општина Битола“ број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.10.2007 година, донесе

# О Д Л У К А

за утврдување Нацрт-Планот на ДУП за
„Брусничко Лавчански Регион 4 дел-Урбан Блок 2“ Битола

Член 1

Се утврдува Нацрт-Планот на ДУП за „Брусничко-Лавчански Регион 4 дел Урбан Блок 2“ Битола.

Член 2

По Нацрт-Планот ќе се организира јавна презентација и јавна анкета.

Член 3

Со влегувањето во сила на оваа Одлука Терминот „Модул 2“ од Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Брусничко-Лавчански Регион 4 дел Модул 2“ Битола бр. 07-421/4  од 30.05.2005 г. се заменува со терминот „Урбан Блок 2“.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесеувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општината Битола.

Број 07-2868/9
31.10.2007 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Станбена Заедница 8 Блок 5“ - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Станбена Заедница 8 Блок 5“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 31.10.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2989/8
05.11.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 11 и 26 став 5 алинеја 2 и член 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 51/05) и член 70 од Статутот на Општината Битола ("Службен гласник на Општина Битола" број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.10.2007 година, донесе

# О Д Л У К А

## за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Станбена Заедница 8 Блок 5" - Битола

### Член 1

Се отпочнува постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Станбена Заедница 8 Блок 5" – Битола.

Границите на Блокот се: оди по северозападна граница на катастарските парцели 10652, 10651, 10619/1 и 13694/1 врти по северозападната граница на катастарските парцели 13694/1, 10647, 10605 и 14017, потоа врти кон југ по јужните граници на катастарските парцели 14017, 14014, 13708 и 10652 каде и се затвора опфатот.

Опфатот на вака предложениот Блок има површина од 0,65 ха.

### Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП за „Станбена Заедница 8 Блок 5" Битола, ќе го врши подносителот на барањето.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесеувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општината Битола.

Број 07-2868/10<br>31.10.2007 год.<br>Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Советот на Општина Битола<br>Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за давање согласност на Здружението на граѓани „Битола Бајк Клуб" во основање да може да го употреби името Битола

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Здружението на граѓани „Битола Бајк Клуб" во основање да може да го употреби името Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 31.10.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-2989/9
05.11.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 48 точка 2 од Законот за трговски друштва (“Сл.весник на РМ“ бр. 28/04), а во врска со член 70 од Статутот на Општината Битола (“Сл.гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.10.2007 год. донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на Здружението на граѓани „Битола Бајк Клуб“ во основање да може да го употреби името Битола

1. СЕ ДАВА согласност на Здружението на граѓани „Битола Бајк Клуб“ во основање да може во називот на Фирмата да го употреби името Битола.

2. Решението влегува во сила со денот на денесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-2868/11
31.10.2007 год.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за формирање
Комисија за процена на штети од пожарите

1. Го објавувам Решението за формирање Комисија за процена на штети од пожарите, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 31.10.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-2989/10
05.11.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 22 став 2 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола (“Сл.гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.10.2007 год. донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за формирање
Комисија за процена на штети од пожарите

1. Се формира Комисија за процена на штети од пожарите во состав:
Претседател: Димче Јошевски, Дирекција за заштита и спасување;
Членови: Весна Гаштевска, ЈП „Комуналец“ Битола
Валентина Талевска, Македонски шуми
Пепи Цима, претставник од Министерството за земјоделство и шумарство и водостопанство
Мирче Трпеновски, АД „Вардар Осигурување“ Битола.

2. Решението влегува во сила со денот на денесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07- 2868/12
31.10.2007 год.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за определување
висината на надоместокот на членовите на
Советот на Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за определување висината на надоместокот на членовите на Советот на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 31.10.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2989/11<br>
05.11.2007 год.<br>
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>
на Општината Битола,<br>
Владимир Талески

Врз основа на член 2 од Законот за измени и дополнување на Законот за плати и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република

Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на РМ" бр. 121/07) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.10.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за определување висината на надоместокот на
членовите на советот на Општината Битола

Член 1

На членовите на советот на Општината Битола им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на советот и надоместок за патни и дневни трошоци.

Средствата за исплата на надоместоците од ставот 1 на овој член се обезбедуваат во Буџетот на Општината Битола.

Член 2

Месечниот надоместок за присуство на седници на советот се утврдува во процентуален износ од 70% од просечната нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

Висината на месечниот надоместок за присуство на седниците се утврдува со Одлука за извршување на Буџетот на Општината Битола.

Член 3

На претседателот на советот на Општината Битола, за раководењето и организирањето на работата на советот, надоместокот од членот 2 се зголемува за 30%.

Член 4

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува доколку членот на советот не присуствува на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува доколку советот во тековниот месец не одржат седница.

Член 5

На членовите на советот на Општината им се исплатува надоместок за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во Општинската администрација.

Налозите за службени патувања на избраните лица ги одобрува и оверува претседателот на Советот на Општината.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување висината на надоместокот на членовите на Советот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/02).

Член 7

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-2868/13
31.10.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола,
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката
за доделување награда на вработените во
Територијалната противпожарна единица Битола

1. Ја објавувам Одлуката за доделување награда на вработените во Територијалната противпожарна единица Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 31.10.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-2989/12
05.11.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола (“Сл.гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 31.10.2007 год. донесе

ОДЛУКА
за доделување награда на вработените во
Територијалната противпожарна единица Битола

Член 1

На предлог на Градоначалникот на Општината Битола, на вработените во Територијалната противпожарна единица Битола им се доделува награда од по 10.000 денари за нивното особено залагање и максимално ангажирање во гаснењето на пожарите што ја зафатија Општината Битола во 2007 година.

Член 2

Средствата ќе се исплаќаат од Буџетот на Општината Битола од Програмата ЈЈО-Противпожарна заштита.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на денесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-2868/14
31.10.2007 год.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола,
Лилјана Кузмановска